**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103- 80/7**

**Скопје, 16.10.2008 година**

**ЈНУ ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈНУ Економски институт - Скопје (во понатамошниот текст ЈНУ ЕИ), Сметка за приходи остварени од самофинансирачки активности за 2007 година, кои се прикажани на страните 13, 14 и 15.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. За годините кои `и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија не е извршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Дејан Пендев, директор на ЈНУ Економски институт - Скопје.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 12, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 05.06. до 25.07.2008 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 24.09.2008 година примени се забелешки по Претходниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на ЈНУ Економски институт – Скопје, Сметка за приходи остварени од самофинансирачки активности за 2007 година, заведени под бр. 03-1035/3 од 23.09.2008 година, од директорот на ЈНУ ЕИ. Истите се разгледани, при што е одлучено следното:
    - На наодите во точките 10.1.1, 10.2.1, 10.2.2, 10.3.4. и 10.3.5, од Претходниот извештај, не се дадени забелешки односно истите ги потврдуваат наодите со појаснување за настанатите состојби и причините за истите.
    - За забелешките кои се однесуваат на наодите во точките 10.1.3, 10.1.4, 10.2.7, 10.2.8, 10.2.9, 10.2.10, 10.3.1 ал 3, 10.3.2, 10.3.6, 10.4.1, 10.4.2. ал 1 и 2, 10.4.2. ал 5, 10.6.1 ал 1 и 2, и 10.6.2. од Претходниот извештај, ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ, како основ за нивно прифаќање, поради што истите се одбиени.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Систем на интерни контроли**

11.1.1. ЈНУ ЕИ нема обезбедено систем на редовна внатрешна сметководствена контрола за проверка на финансиските промени односно трансакции, како и проверка на сметководствената документација и финансиските извештаи, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, и доведува до ризик од несовесно располагање и злоупотреба со средствата остварени од дополнителни активности од страна на лицата вработени во јавната научна установа.

11.1.2. До завршувањето на ревизијата Министерството за образование и наука нема извршено надзор над законитоста во работењето на ЈНУ ЕИ како што е предвидено во Законот за високото образование, односно нема писмен документ за извршен надзор над работењето на ЈНУ ЕИ од страна на министерството, поради што постои ризик од појава на нерегуларности (незаконитости) во вршењето на дејноста.

11.1.3. Пресметката и исплатата на надоместоците од наставно менторските активности на вработените се врши врз основа на помошната (рачна) евиденција, која е нечитлива, повеќе пати корегирана дополнително, и непотпишана од лицето кое ги внесува податоците за бројот на запишани

студенти и одржани испити по професори и научни области, врз основа на кои се врши понатамошна пресметка и исплата на надоместоците. Истата не е проверена и ликвидирана од овластено лице, а исплатата ја врши истото лице кое врши пресметка, односно сметководителот. Поради непостоењето на интерните контроли постои ризик од погрешно внесени податоци и неточна и ненавремена исплата на обврските према вршителите на активностите и неточно пресметан и платен персонален данок од доход према државата.

11.1.4. ЈНУ Економски институт – Скопје не воспоставил единствена стандардизирана процедура за наплата на побарувањата од студентите преку донесување на посебна одлука од страна на Советот на Институтот, така што регулирањето на постапката за плаќање на трошоците за последипломските студии се одвива преку усна комуникација помеѓу референтот за студентски прашања и студентите, што е спротивно на Статутот и Одлуките за пресметка на трошоците за утврдување на висината на школарината за последипломските студии од секоја студиска програма, поради што уплатите од страна на студентите се вршат на рати, во различни временски периоди. Ваквиот начин на работење има влијание на навременоста, редовноста и целосноста на остварените приходи во одделни пресметковни периоди.

**Препораки**

1. ЈНУ ЕИ да обезбеди внатрешна сметководствена контрола за проверка на финансиските промени односно трансакции, како и проверка на сметководствената документација и финансиските извештаи согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
2. Министерството за образование и наука во наредниот период да врши надзор над законитоста во работењето на ЈНУ ЕИ како што е предвидено во чл. 184 од Законот за високото образование.
3. Директорот на ЈНУ ЕИ да воспостави контрола на внесените податоци во помошната евиденција за исплата на надоместоци со цел да се намали ризикот од неточна и ненавремена исплата на истите.
4. Директорот на ЈНУ ЕИ да воспостави единствена стандардизирана процедура за наплата на побарувањата од студентите преку донесување на посебна одлука од страна на Советот на Институтот.

## 11.2. Неправилна примена на акти

11.2.1. ЈНУ ЕИ не извршила усогласување на своето работење, статутот и другите општи акти предвидени со измените на Законот за високото образование (чл.186 и 187) до утврдениот рок од 30 септември 2006 година и Законот за установите (чл. 113), односно `сеуште се на сила актите донесени пред наведените измени. Ваквата состојба може да има за последица неправилности во работењето на установата.

11.2.2. Согласно Законот за високо образование, ЈНУ ЕИ како научна установа може да врши високообразовна дејност за последипломските студии во рамките на научната област за која е основана, ако е акредитирана на овој вид на студии. ЈНУ ЕИ за организирањето на последипломските студии од областа агробизнис, претприемништво и меѓународен менаџмент ги нема обезбедено сите предвидени акти (одлуки, решенија) во Правилникот за организирање на последипломски студии и за стекнување на докторат на науки, од декември 2001, донесен од Советот на ЈНУ ЕИ. Не е извршена

акредитација на студиските програми од областа на агробизнис и меѓународен менаџмент односно не е донесено решение од Одборот за акредитација, освен за областа претприемништво од 2004 година. За областа агробизнис и меѓународен менаџмент добиена е согласност од Универзитетот и доставени се проектите на натамошна постапка до Одборот за акредитација, меѓутоа до денес нема писмен одговор од Одборот за акредитација. Нерегулираниот статус на овие студии од формално правен аспект создава ризик од нивно признавање.

11.2.3. Во 2007 година не се склучени договори со наставно научните кадри кои не се во работен однос во ЈНУ ЕИ, а се ангажирани во вршењето на наставно менторски активности, (15 надворешни лица), од кои во изминатиот период склучени се само неколку договори од 2001 година, без назначување на временски период на ангажирање односно важност на договорот. Наведената состојба е спротивна на одредбите од Правилникот за организирање на последипломски студии и стекнување на докторат на науки во ЈНУ ЕИ, од декември 2001 година, Одлуката за исплата на надоместоци за наставно менторски активности од 2005 година и Законот за облигациони односи. Недоговорените права и обврски од двете страни оставаат нерегулирани значајни прашања како што се: насока на последипломските студии и назив на предмет на кој е ангажиран наставникот, начинот на изведување на овие активности, временски период за кој се ангажира одреден наставник, начин на враќање на средствата во случај на неисполнување на договорените обврски и други прашања, што може да доведе до незаконска исплата на средства и неизвршувањето на предвидените активности во врска со студиите.

11.2.4. Директорот на ЈНУ ЕИ нема издадено решенија за исплата на надоместоците на вработените за наставно-менторските активности, за исплата на надоместоци за учество во проекти на вработени и надворешни лица и за исплатениот еднократен надомест на вработените (60% од нето платата на вработените) во декември 2007 година, спротивно на Статутот на ЈНУ ЕИ. Пресметките и калкулациите за извршените услуги се вршат врз основа на помошна рачна евиденција што создава ризик од неточна и ненавремена исплата на обврските по лица.

11.2.5. Со дел од субјектите за кои ЈНУ ЕИ врши услуга – изработка на проекти директорот не склучил договори со кои ќе се регулираат правата и обврските на договорните страни, спротивно на Статутот и Законот за облигациони односи што може да резултира во загуба на средства за установата поради неможност од наплата за извршената работа.

11.2.6. Во 2006 и 2007 година не се склучени авторски договори со сите надворешни лица кои учествувале во проектите, спротивно на Правилникот за плати, надоместоци и други примања. Имено, во проектот „Стратегија за развој на текстилната индуструстрија“, не се склучени договори со 5 лица, на кои според пресметката – калкулацијата ЈНУ ЕИ има обврска за исплата на надоместоци од 179 иљјади денари. Проектот е завршен, меѓутоа ревизијата не доби релевантни докази дали овие лица навистина биле ангажирани во изработка на проектот од што зависи и дали установата во наредниот период би имала обврска за исплата на надоместоците.

11.2.7. Спротивно на Законот за данокот на додадена вредност, ЈНУ ЕИ не поднел пријава за регистрација за данокот на додадена вредност кај

надлежниот даночен орган за 2007 година, иако установата на годишно ниво остварила приходи на поголем износ од 1.300 илјади денари и во годината која `и претходи на годината предмет на ревизијата, поради што не извршиле пресметка, не го искажале и не го платиле данокот на додадена вредност во вкупен износ од 1.142 илјади денари, што има за ефект помалку уплатен данок во корист на државата.

11.2.8. Спротивно на Одлуката за пресметка на трошоците за утврдување на висината на надоместокот за изработка и одбрана на докторски дисертации бр. 09-412/1 од 08.04.2004 година, во текот на 2007 година присутна е појавата наместо на две, пријавените кандидати да вршат уплати на повеќе рати, обично четири рати, што има за ефект ненавремена и одложена наплата на приходите по овој основ.

11.2.9. Спротивно на Правилникот за организирање на последипломски студии и за стекнување на докторат на науки од Советот на ЈНУ Економски институт – Скопје, Наставно научниот колегиум не донесува одлуки за извршениот избор на примени кандидати, поради што начинот на избор и критериумите по кои е извршен изборот е недоволно транспарентен, што би можело да има за ефект избор на студенти кои не ги исполнуваат делумно или во целост предвидените услови за упис на последипломски студии.

11.2.10. Конкурсот кој се објавува од страна на ЈНУ Економски институт – Скопје не содржи доволно податоци за видот и обемот на предвидените предмети од поделните студиски програми, не се објавени висината на трошоците за износот на школарината и начинот на плаќање, потребни услови за запишување и слично, поради што ревизијата е на мислење дека истиот е недоволно јасен и транспарентен за заинтересираните потенцијални кандидати.

**Препораки**

1. Одговорните лица во ЈНУ ЕИ да извршат усогласување на работењето и постојните акти на установата со одредбите од Законот за високо образование и Законот за установите.
2. ЈНУ ЕИ да преземе мерки и активности за акредитација на сите научни области во кои врши високообразовна дејност преку добивање на решение од Одборот за акредитација.
3. Директорот на ЈНУ ЕИ да склучува договори со надворешните лица ангажирани за вршење на наставно-менторски активности согласно интерните акти и законските прописи.
4. Директорот на ЈНУ ЕИ да издава решенија за: исплата на надоместоците на вработените кои учествуваат во вршењето на наставно-менторските активности, за исплата на надоместоци за учество во проекти на вработени и надворешни лица (пресметки – калкулации) и за исплата на еднократен надомест на вработените.
5. Директорот на ЈНУ ЕИ да склучува договори со правните лица на кои им се врши услуга – изработка на проекти со кој ќе се регулираат правата и обврските на договорните страни.
6. Директорот на ЈНУ ЕИ да склучува авторски договори со сите надворешни лица кои се ангажирани и учествуваат во изработка на проектите, согласно интерните акти и законските прописи.



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен државен ревизор*

----------------------------

7. Во 2008 година ЈНУ ЕИ е регистриран даночен обврзник со решение издадено од Управата за јавни приходи, и истата има обврска да го плати заостанатиот долг на данокот на додадена вредност од 2006 и 2007 година.
8. Во наредниот период да се почитува Одлуката за пресметка на трошоците за утврдување на висината на надоместокот за изработка и одбрана на докторски дисертации во однос на уплатите на надоместоци од кандидатите.
9. Наставно научниот колегиум да донесува одлуки за извршениот избор на примени кандидати согласно Правилникот за организирање на последипломски студии и за стекнување на докторат на науки од Советот на ЈНУ Економски институт – Скопје.
10. Конкурсот кој се објавува од страна на ЈНУ Економски институт – Скопје да ги содржи сите потребни податоци за потенцијалните кандидати (вид и обем на предвидените предмети од пооделните студиски програми, висина на трошоците за износот на школарината и начинот на плаќање, потребни услови за запишување и сл.).

11.3. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.3.1. Спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, ЈНУ ЕИ не води книга на капитален имот (основни средства), не ги води пропишаните помошните книги, а дел од нив и несоодветно ги води, во следните случаи:

- Не води книга на влезни фактури, книга на излезни фактури, книга за набавки, пописни листи (за материјали, ситен инвентар и основни средства), ниту се врши материјално задолжување на лицата кои располагаат со истите. Основните средства немаат инвентарни броеви.
- Набавените материјали, резервни делови и ситен инвентар не ги евидентира преку сметките за залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и сметката останат капитал, не врши материјално задолжување и соодветна евиденција на истите.
- Несоодветно ја води книгата на благајна (касови извештаи) бидејќи вкупниот промет на благајната (денарска) не го вклучува прометот на авансите за службени патувања, ниту се води аналитичка евиденција на побарувања за аванси по лица изразени во денари, што остава можност за злоупотреба и незаконско трошење на средствата.
- Несоодветно ја води аналитичката евиденција на сите тековни обврски поради збирно евидентирање на обврските по разни основи и по повеќе документи за еден субјект или физичко лице (фактури, решенија, помошни евиденции и сл.), а во одделни случаи и без приложен документ кон налогот за книжење, со што не се обезбедени потребните податоци во сметководствената евиденција.

Неуредното и неажурно сметководство, односно несоодветното водење на деловните книги придонесува за нереално и необјективно прикажување на прометот и состојбата на соодветните сметки во сметководствената евиденција, што го отежнуваше и извршувањето на ревизијата.

11.3.2. Податоците кои се внесени во деловните книги не се базираат на веродостојни и вистинити сметководствени документи, што е спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Сметководствените документи не се уредни што значи кон поголем дел од влезните фактури не се приложени испратници, односно работни налози, а дел од исплатите се извршени и на профактури или копии од фактури. Излезните фактури се формално правно неисправни односно не ги содржат сите податоци, не постојат записници, или потврда за предадени

извештаи за завршените проекти согласно договорите. Не се изготвуваат приемници за прием на основни средства, ситен инвентар и материјали. Документите не се потпишани од директорот - овластено лице кое потврдува дека документот е вистинит и дека реално ја прикажува сметководствената промена односно трансакција. Не се врши внатрешна сметководствена контрола во сметководствениот систем и не постои разграничување на должностите, при што сметководителот ја обавува функцијата и на благајник. Ваквата состојба укажува на непостоење на интерни контроли кои ќе обезбедат заштита од измами и грешки.

11.3.3. Не е извршен попис на начин предвиден во одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Изготвен е записник-извештај од пописот на благајна, бензиски бонови, ситен инвентар и основни средства, со внесени книговодствени податоци односно препис на состојбите за одделните парични средства, бензиски бонови, основни средства, ситен инвентар и канцелариски материјал искажани во деловните книги и финансиските извештаи. Пописните листи за опрема не се уредни, не ги содржат сите податоци, односно податоците не се внесени поединечно во натурални и парични вредности во пописните листи, за да истите претставуваат сметководствен документ чија вредност треба да ја потврдат членовите на пописната комисија. Истите не се потпишани од пописната комисија.

Поради наведеното ревизијата не доби релевантни ревизорски докази за да ја потврди објективноста и реалноста на позициите искажани во Билансот на состојба, со состојба на 31.12.2007 година.

11.3.4. Поради несоодветна примена на основното сметководствено начело за парично искажување на приходите и расходите кај буџетското сметководство, не е извршено усогласување на салдото на парични средства со состојбата на сметката - Дел од вишокот на приходите (добивката) за пренос во наредната година, за износ од 257 илјади денари, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за резултат необјективно и нереално прикажување на позициите во БС.

11.3.5. Поради несоодветно спроведени книжења за материјалните средства и залихите не е извршено усогласување на состојбата искажана на позицијата залихи и материјални средства и состојбата искажана на позицијата извори на капитални средства за износ од 249 илјади денари, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за резултат необјективно и нереално прикажување на позициите во БС.

11.3.6. Врз основа на склучен договор за специјални услови за користење на Космофон бизнис партнер плус понуда за мобилна телефонија од 04.05.2007 година и документ за субвенција за телекомуникациска опрема за големи корисници, на ЈНУ Економски Институт му е доделена субвенција од телефонска опрема во вкупен износ од 277 илјади денари, која спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници не е евидентирана во сметководствената евиденција, ниту е попишана со пописот на ден 31.12.2007 година. Не постои потврда дека опремата е примена во установата, ниту пак постои потврда кој и колку телефонски апарати подигнал, како и по кои критериуми е извршена



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

распределбата. Поради овие состојби ревизијата смета дека е зголемен ризикот од злоупотреба и загуба на средствата во сопственост на институцијата.

**Препораки**

1. Сметководителот задолжен за водење на сметководството на ЈНУ ЕИ, да ги воведе деловните и помошните книги согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, како и да воведе книга на капитален имот (основни средства), евиденција на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар преку соодветните сметки од сметковниот план, со материјално задолжување и раздолжување на истите и соодветна аналитичка евиденција на обврските.
2. Одговорните лица во ЈНУ ЕИ, да обезбедат евидентирањата во деловните книги да се спроведуваат врз основа на веродостојни и вистинити сметководствени документи.
3. Директорот на ЈНУ ЕИ да преземе мерки за целосно и квалитетно извршување на пописот на средствата и изворите на средства, согласно законските прописи.
4. Во наредниот период сметководителот да врши усогласување на паричните средства со нето вишокот на приходите (добивка) за пренос во наредната година.
5. Сметководителот да изврши усогласување на состојбите на позицијата материјални средства и залихите со изворите на капитални средства.
6. Одговорните лица во ЈНУ ЕИ да извршат преиспитување на состојбите произлезени од склучениот договор со Космофон и преземање на конкретни мерки и активности за доведување во законита состојба.

11.4. **Неправилности во искажувањето на приходите и расходите**

11.4.1. Спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, ЈНУ ЕИ не води уредна и комплетна документација за побарувањата од извршени услуги - изработка на проекти на правни лица, поради што ревизијата не доби релевантни докази за да ја потврди вредноста на договорената работа и комплетноста на остварените приходи по овој основ, поради постоење ризик побарувањето да не е искажано во полн износ. Спротивно на одредбите од склучените договори, не се обезбедени записници за примопредавање на извештаите по завршувањето на проектот, како потврда за извршената услуга од субјектот, поради што ревизијата не е уверена дали и кои проекти постојат, дали е целосно извршена услугата и кога е извршена услугата. Напред наведеното може да има за ефект помалку остварени и наплатени приходи за субјектот, како резултат на разликата меѓу договорениот и наплатениот износ.

11.4.2. Ревизијата не доби компетентни и релеватни ревизорски докази за да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните расходи во ЈНУ ЕИ, на вкупен износ од 5.434 илјади денари, поради непостоење на соодветна поткрепувачка документација или сметководствена евиденција, спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, што создава ризик од ненаменско трошење на средства. Истото се однесува на следните видови расходи:

- Расходи за исплатени надоместоци за наставно-менторски активности на вработени во вкупен износ од 3.953 илјади денари (нето износ од 3.621 илјади денари и персонален данок од 332 илјади денари), врз основа на

помошна рачна евиденција која не е потпишана и не е проверена од друго независно лице за да се потврдат внесените податоци што укажува на непостоење на интерни контроли.

- Расходи за исплатени надоместоци на вработени и надворешни лица за учество во проекти во вкупен износ од 1.122 илјади денари (нето износ од 1.028 илјади денари и персонален данок од 94 илјади денари) поради извршена исплата врз основа на пресметка – калкулација, без склучени договори и издадени решенија од директорот, поради што поединечните износи не се проверени и не се потврдени со валиден документ издаден од овластеното лице. Поради неиздавањето на решение не може точно да се утврди ниту кога и во колкав износ настанува обврската спрема определено лице.
- Расходи за патувања и трошоци во странство (хотелско сместување и превоз во Грција и Бугарија) во вкупен износ од 167 илјади денари, во врска со проектот „Стратегија за развој на текстилната индустрија" поради извршена исплата само по фактури, без постоење на патни налози и извештај од лицата кои биле на патувањата односно непостоење на потврда дека патувањата се реализирани.
- Расходи за телефонски услуги користени од Космофон, во износ од 73 илјади денари, од причина што не се води ажурна евиденција на побарувањата од вработените, не постои доволна потврда дека вработените ги подмируваат обврските навремено и во полн износ, лицата не се задолжени со реверси со телефонските линии и со телефонските апарати, не се донесени одлуки од Советот за склучување на договор со Космофон, ниту пак е донесена одлука за одредување на критериумите и начинот на распределба на телефонските линии и апарати по вработени. Присутна е појавата за времено финансирање на поединци, поради `се уште ненаплатени побарувања од вработените за трошоци направени во 2007 година, во вкупен износ од 24 илјади денари, иако фактурите од Космофон се исплатени во целосен износ.
- Расходи за потрошен канцелариски материјали во износ од 119 илјади денари, поради некомплетна, неуредна и неажурна евиденција за набавените и потрошените канцелариски материјали. Книжењата во сметководството се спроведени врз основа на преглед за издавање на потрошен материјали за 2007 година, без прилог.
- Расходи за административни материјали во вкупен износ од 171 илјади денари, кои се однесуваат на набавени разни обрасци и за настани и активности поврзани со проектните активности, врз основа на фактури и профактури, без никаков прилог кон истите, ниту потврда од овластено лице од ЈНУ ЕИ.

**Препораки**

1. Одговорните лица во ЈНУ ЕИ да воведат комплетна и уредна евиденција за побарувањата од извршени услуги – изработка на проекти на правни лица.
2. Одговорните лица во ЈНУ ЕИ да изградат систем на интерни контроли, по пат на пишани постапки и процедури, што ќе обезбеди исплатата на надоместоци за наставно-менторски активности на вработените да се врши врз основа на веродостојна и уредна евиденција.
3. Директорот на ЈНУ ЕИ да склучува договори за ангажирањето на вработените и надворешни лица во изработка на проекти и да издава решенија при секоја исплатата на надоместоците.
4. Во наредниот период исплатата на трошоци за патувања во странство и други трошоци поврзани со реализација на одреден проект да се врши врз основа на

уредна и веродостојна сметководствена документација и извештај за активностите од патувањето.

5. Во наредниот период директорот да не практикува склучување на договор со правно лице на име на ЈНУ ЕИ, а со кој се преземаат обврски во име на вработените за сметка на институцијата, без одлука од Советот.
6. Одговорните лица во ЈНУ ЕИ да изградат систем на интерни контроли по пат на пишани постапки и процедури кои ќе ја определат одговорноста на лицата кои примаат материјали и услуги и ќе обезбедат економично и рационално користење на средствата (препорака за ал. 5 и 6).

11.5. **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

11.5.1. Спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, поради неуредно и неажурно водење на сметководството, во деловните книги не се евидентираат на соодветните сметки следните побарувања и обврски:

- излезните фактури, преку сметката побарувања од купувачи и пасивните временски разграничувања, при што ненаплатените побарувања од купувачите во деловните книги не се искажани во состојбата под 31.12.2007 година на соодветните сметки;
- данокот на додадена вредност пресметан во излезните фактури кон купувачите, преку сметката активни временски разграничувања и обврски за ДДВ, при што неплатените обврски за ДДВ во деловните книги не се искажани во состојбата под 31.12.2007 година на соодветните сметки;
- обврските за исплата на надоместоци према вработените и надворешните лица и персоналниот данок од доход не се евидентираат во моментот на создадената обврска преку активните временски разграничувања и соодветните обврски, туку во моментот на исплата, поради што неисплатените обврски према физичките лица и персоналниот данок од доход со 31.12.2007 година не се евидентирани во деловните книги.

Ваквиот начин на работење има за ефект нереално и необјективно прикажување на прометот и состојбата на сметките во сметководствената евиденција односно деловните книги и нереално и необјективно прикажување на позициите во финансиските извештаи – Билансот на состојба.

**Препораки**

1. Во деловните книги, сметководителот да ги спроведува книжењата на сите побарувања и обврски уредно и ажурно во согласност со одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

11.6. **Ненаменско и незаконско користење на средства**

11.6.1. Направени се расходи спротивно на законските прописи, во вкупен износ од 880 илјади денари, и тоа:

- За дневници и патни расходи за службени патувања во земјата, во вкупен износ од 80 илјади денари, поради исплата на средства за користење на сопствено возило за службени цели, без донесена одлука и одобрение за истото, како и врз основа на неуредни патни налози за службени патувања, кои не се заверени со архивски број и печат, не постојат потписи од соодветните одговорни лица и сл.

- За надоместок на вработените во Секторот за општи работи исплатен е поголем процент (10% или 8,83%), наместо 5% како што е утврдено со Одлуката за утврдување на надоместок за учество во извршувањето на авторско дело на вработените во Секторот за општи работи. На ваков начин се исплатени средства во вкупен износ од 733 илјади денари на кои е пресметан и платен и персонален данок изнесува 67 илјади денари односно вкупно повеќе исплатени средства од 800 илјади денари.

**Препораки**

1. Одговорните лица во ЈНУ ЕИ да преземат соодветни мерки исплатата на дневници и патни расходи за службени патувања да се врши врз основа на уредна и веродостојна документација.
2. Исплатата на надоместоците на вработените во Секторот за општи работи да се врши согласно утврдениот процент во Одлуката за утврдување на надоместок за учество во извршувањето на авторско дело на вработените во Секторот за општи работи.

11.6.2. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки

Во врска со примената на Законот за јавни набавки ревизијата утврди:

- Исплати на средства за набавка на производи (стоки) и користење на услуги од повеќе добавувачи, во вкупен износ од 1.012 илјади денари, за кои не е спроведена постапка за јавна набавка што е спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки.
- ЈНУ ЕИ, за проектот „Стратегија за развој на текстилната индустрија во РМ„ учествувал во постапка за јавна набавка по отворен повик од Министерството за економија, но во понудата која ја доставил не ги вклучил субјектите кои за потребите на овој проект биле ангажирани од страна на носителот на набавката т.е. од ЈНУ Економски Институт – Скопје. Со ова субјектот ги довел во нерамноправна и не фер позиција останатите учесници во тендерската постапка, а на Министерството за економија како набавувач не му ги претставил транспарентно, реално и вистинито сите елементи на понудата, што е спротивно на Законот за јавни набавки.
- Во врска со проектот „Стратегија за развој на текстилната индустрија во РМ“, ЈНУ ЕИ договорил организација на тркалезна маса од страна на фирмите Трговско текстилно здружение, Штип и Сензал, ДООЕЛ Скопје што чини 2.420 илјади денари. За овој настан ревизијата не доби комплетна и веродостојна документација (договори, фактури и пропратна документација) за да се потврдат вкупните обврски кои ги има превземено ЈНУ ЕИ. На овие правни лица платени се вкупно 845 илјади денари во 2007 година, а под 31.12.2007 година не се евидентирани останати превземени и неплатени обврски кои произлегуваат од овој проект.

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки има за последица примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност и јавност на постапката при склучувањето на договорите и повластена положба на одредени добавувачи.

**Препораки**


*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*
*Овластен државен ревизор*
----------------------------

1. Со оглед дека од 01.01.2008 година стапи на сила новиот Закон за јавни набавки ревизијата препорачува директорот на ЈНУ ЕИ да преземе мерки за соодветна едукација на членовите на комисијата за јавни набавки ЕИ со што ќе обезбеди транспарентност, јавност и еднаква положба на понудувачите.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 11.1.1. до 11.1.5, 11.2.1. до 11.2.10, 11.3.1. до 11.3.6, 11.4.1 и 11.4.2. и 11.5.1. ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на ЈНУ ЕИ - Сметка за приходи остварени од самофинансирачки активности, за годината која завршува со 31.12.2007 година.

13. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 11.4. и 11.6. кај ЈНУ ЕИ - Сметка за приходи остварени од самофинансирачки активности, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

14. **Прифатени и корегирани неправилности од страна на ЈНУ ЕИ во текот на ревизијата**

    1. По завршување на ревизијата ЈНУ ЕИ изврши корекции на одделни состојби на сметките во главната книга во 2008 година по препораки на ревизијата кои имаа за ефект зголемување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба на ден 31.12.2007 година за 6.083 илјади денари. Исправките се спроведени со налог за книжење бр. 39 од 07.07.2008 година.

**Скопје, 15.10.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 14.976 | 5.047 |
| **Вкупно приходи** | **14.976** | **5.047** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 8.405 | 5.047 |
| **Вкупно тековни расходи** | **8.405** | **5.047** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 83 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **83** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **8.488** | **5.047** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **6.488** | **0** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **6.488** | **0** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

*Овластен државен ревизор*

-----------------------------

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 6.231 | 5.268 |
| Побарувања | 5.109 | 0 |
| Побарувања од државата и други институции | 8 | 8 |
| Активни временски разграничувања | 974 | 0 |
| Залихи | 6 | 42 |
| **Вкупно тековни средства** | **12.328** | **5.318** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 908 | 894 |
| **Вкупно постојани средства** | **908** | **894** |
| **Вкупна актива** | **13.236** | **6.212** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема државата и други институции | 974 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 11.597 | 5.560 |
| **Вкупно тековни обврски** | **12.571** | **5.560** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 665 | 652 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **665** | **652** |
| **Вкупна пасива** | **13.236** | **6.212** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **652** | **-** | **652** |
| **Зголемување по основ на:** | **38** | **174** | **212** |
| Набавки | 38 | 174 | **212** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **25** | **174** | **199** |
| Отпис на капитални средства | | 174 | **174** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 25 | | **25** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **665** | **-** | **665** |


*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*
*Овластен државен ревизор*
-----------------------------

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Бр. 1105-80/14***
***Скопје, 10.12.2008 година***

Врз основа на член 23 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија ("Сл. весник на РМ" бр. 65/97…133/07) и добиен Приговор по Конечните Извештаи за извршена ревизија на ЈНУ Економски институт - Скопје за 2007 година, бр. 03-1425/2 од 14.11.2008 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

## *Р Е Ш Е Н И Е*

***по поднесен приговор на Конечен извештај***

**1.** Приговорот на наодите изнесени во Конечните Извештаи за извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈНУ Економски институт - Скопје за 2007 година – сметка за средства од Буџетот на РМ и сметка за приходи остварени од самофинансирачки активности, **не се прифаќа**.

**2.** Решението по доставениот приговор на конечниот извештај претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се објавува на ВЕБ страната на Државниот завод за ревизија.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против Конечните извештаи на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на ЈНУ Економски институт - Скопје за 2007 година поднесен е приговор бр. 03-1425/2 од 14.11.2008 година.

Образложението за неприфаќање на приговорот на наодите изнесени во Конечните извештаи е следното:

1. Приговорот на наодите изнесени во Конечните извештаи, **не се прифаќа**, од причина што во приговорот не се наведени конкретни забелешки на одредени наоди, ниту пак се доставени нови образложенија и документација, кои би можеле да бидат предмет на разгледување и одлучување по истите. Економскиот институт како јавна научна установа има обврска во своето работење да се придржува кон важечките законските прописи при што утврдените слабости и неправилности да ги решава во соработка и помош со останатите надлежни институции, посебно со Министерството за образование и наука.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Скопје, 01.12.2008 година

**Главен државен ревизор,**

**Тања Таневска**